# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 декември 2003 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дами и господа пратеници,

Ја отворам 49-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Илјаз Халими, Трифун Костовски, Јани Макрадули, Елеонора Петрова Митевска, Славица Грковска, Игор Ивановски, Сашо Дохчев, Ангел Димитров, Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Андреј Жерновски, Ванчо Георгиев, Али Ахмети, Абдулаким Адеми, Назми Бекири, Слободан Даневски, Ванчо Стаменков, Ристо Пејовски, Петар Наумовски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски и Никола Груевски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи дополнително дојдоа уште седум пратеници, ве молам уште еднаш да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

(По прикажувањето на резултатите)

Ве молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето од страна на службите)

Во салата се присутни вкупно 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница ја свикав по барање на Владата на Република Македонија заради разгледување на Предлогот за донесување по итна постапка на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот и активностите на полициската мисија во Република Македонија (ЕУПОЛ “ПРОКСИМА”), со Предлог на закон.

Владата на Република Македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе Законот за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот и активностите на полициската мисија во Република Македонија (ЕУПОЛ “ПРОКСИМА”), со Предлог на закон.

Предлогот на законот Ви е поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложната потреба за донесување на овој закон по итна постапка.

Има збор замeникот министер за надворешни работи, господинот Фуад Хасановиќ.

Процедурално, има збор господинот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, би сакал да реагирам за две работи.

Прво, вчера во врска со случувањата во Тетово во текот на вчерашниот ден побаравме, а вие тоа го прифативте, од Министерството за внатрешни работи да добиеме информација во врска со случувањата во Тетово, бидејќи имаше многу шпекулации, уште тогаш рековме. Меѓутоа, вчера не ја добивме, денес сеуште ја немаме таа информација, иако прифативте дека тоа ќе го побарате од Министерството за внатрешни работи и вие рековте дека тоа се некои дезинформации, меѓутоа, синоќа на телевизиите се кажа нешто сосема друго. Значи, се потврди дел од нашите укажувања.

Поради тоа, ние ќе побараме од Вас уште еднаш под итно да ни се достави информација во врска со случувањата во Тетово, бидејќи вчера се презема таа обврска. Тоа е едно.

Второ, би сакал да реагирам на битноста на закажување на оваа седница.

Сметам дека вие како претседател на Собрание треба да не заштитите нас пратениците од вака потценувачкиот карактер на Владата на Република Македонија врз пратениците од Парламентот на Република Македонија, бидејќи

доставувањето на ваков закон многу значаен за Република Македонија, кој ни се достави денес околу 9,00 часот, а знаејќи дека голем дел од пратениците патуваат од внатрешноста на земјата, тие немаа можности ниту да го отворат пликото, а веќе се на самата седница и треба да одлучуваат.

Сметам дека како претседател не треба да овозможите толкаво омаловажување на пратениците и на Собранието во целина. Сметам дека имаше доволно време оваа седница да биде можеби порано закажана, материјалите да ни беа доставени порано, за да можеме барем еден ден да се подготвиме за да може тука да го кажеме нашето мислење. Вака, верувајте, не претварате во една гласачка машина и се доведува во прашање дигнитетот на Собранието. Доколку Вие како претседател сметате дека треба да бидеме гласачка машина, тогаш кажете го тоа и ние ќе се помириме со судбината, опозиција сме, не можеме тоа да го измениме. Меѓутоа, на овој начин сметам дека и пратениците на позицијата се вознемирени. Значи, не се работи за тоа дали е позиција или опозиција и сметам дека ова не треба да ни се случува во иднина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Во врска со вашиот прв коментар, се обратив до министерот Хари Костов, информацијата ја чекам, иако според Деловникот Собранието со член 191 може да претресува и информации доставени од Владата до пратеникот по негово барање, доколку пратеникот тоа го предложи, така што мојот дел јас го исполнив.

А што се однесува до итноста на оваа седница, сепак според Деловникот мое право е да проценам за итноста. Ветувам дека нема така често да се случува за вакви итности, но јас проценив дека оваа точка или барањето на Владата навистина е итно и затоа ја ставив точката на дневен ред.

Има збор заменикот министер за надворешни работи, господинот Фуад Хасановиќ.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Пред вас се наоѓа Предлогот за донесување по итна постапка на закон за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот и активностите на полициската мисија на Европската Унија во Република Македонија (ЕУПОЛ “ПРОКСИМА”), со Предлог на закон.

Преговорите за усогласување на текстот на Договорот успешно завршија пред неколку дена, но за негово потпишување на Европската унија и беше

потребно дополнително време за добивање согласност од сите 15 земји членки. Затоа, договорот беше потпишан од страна на Владата и Европската унија дури вчера, на 11 декември 2003 година, откако завршија процедурите за одобрување на усогласениот текст на договорот во земјите членки на Европската унија.

Од тие причини, Владата на Република Македонија предложи Законот за ратификација на договорот да се донесе по итна постапка. Оваа потреба произлезе од фактот што се планира Мисијата “ПРОКСИМА” да започне на 15 декември 2003 година, за што е потребно претходно да стапи во сила договорот за нејзиниот статус и активности во Република Македонија.

Услов за стапување во сила на договорот е неговата ратификација од нашето Собрание.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот на овој закон да се донесе по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето).

Во салата се присутни 64 пратеници.

Вкупно гласале 60 пратеници, за гласале 55, воздржано двајца и против тројца.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлагам дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 62 пратеника, 54 за, воздржано 7 и 1 против.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

За денешнава седница го предлагам следниов

**Дневен ред:**

1. Предлог на закон за ратификација за Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот и активностите на полициската мисија во Република Македонија (ЕУПОЛ “ПРОКСИМА”).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(По гласањето)

Вкупно гласале 63 пратеници, 56 за предлогот, 6 воздржано и еден против.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Преминуваме на точката од дневниот ред:**

**- Предлог на закон за ратификација за Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот и активностите на полициската мисија во Република Македонија (ЕУПОЛ “ПРОКСИМА”).**

Предлогот на законот Ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Стојан Андов, а по него господинот Слободан Чашуле.

СТОЈАН АНДОВ:

Господине претседателе, почитувани колеги,

Мислам дека сега овде ни образложија дека од оправдани причини ни е доставен на оваа итна седница еден важен проект, а тоа е Законот за ратификација за Договорот меѓу Република Македонија и Европската унија за статусот и активностите на полициската мисија во Република Македонија (ЕУПОЛ “ПРОКСИМА”). Мислам дека не треба, барем ние во Либералната партија и во пратеничката група на Либералната партија немаме колебање дека треба да се усвои овој закон. Овој закон го сметам за нужен чекор на двете страни во градењето на стабилноста на нашата земја и мислам дека е неопходно денес да го ратификуваме.

Бидејќи ние како Собрание ретко имаме акти кои ги градат нашите односи со Европската унија, ние, пратеничката група на Либералната партија сметаме дека кога доаѓаат вакви документи во Собранието, кои значат доградба на нашите односи со Европската унија во рамките на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, треба да биде истакнувано и знамето на Европската унија во салата, како што практикуваме кога доаѓа некој висок претставник на Европската унија овде во Собранието. На тој начин ќе се знае и ќе биде јасно обележена активноста на Собранието во градењето на односите со Европската унија и мислам дека ќе треба се почесто да се ориентираме во нашата работа, токму таа активност да зазема се поголем дел.

Инаку, на текстот и на улогата на оваа мисија овде немаме никакви забелешки, пратеничката група на Либералната партија го поддржува овој закон и овој Договор.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Андов.

Повелете господине Чашуле, а нека се подготви пратеникот Благој Голомеов.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Господине претседател, колеги, почитуван господине министре,

(Реакција од пратеници бидејќи во салата е присутен заменик министерот).

Овде е во својство на министер, неговата функција е заменик, меѓутоа, го претставува Министерството. И добро прашање е, би требало да биде и министерката тука, па освен краткото, што му следува нему како заменик, лапидарно објаснување зошто е итноста, министерката да ни ги објасни, во отсуство на наша можност да го допрочитеме текстот, клаузулите од овој технички, но витален документ, затоа што во него условно се откажуваме од дел од нашиот суверенитет, за едно полициска мисија која ќе треба да ни помогне да си ја завршиме работата. Значи, работата е многу сериозна.

Кога дојдов сабајле овде, гледам седницава која беше свикана со таква итност не почнува и еден колега ми рече - ги чекаат нотарските печати да ги донесе, за да му удриме штембил како Собрание на овој витален текст. Срамота! Ваква деградација е недопуштена. Ние редовно гласаме за овие витални документи, и овој пат ќе гласаме, и ќе го ратификуваме тој документ бидејќи тоа е примарен интерес на нашата држава за да воспоставиме некаков ред и поредок на териториите, кои никако да влезат во Рамковниот договор и неговата имплементација, а се дел од нашата суверена територија. Меѓутоа, не може нашата желба да ја доведеме Македонија во ред и да ја внесеме во Унијата да се толкува како слабост. Унијата има процедура. Кога комисијата, а тоа би можело условно во една широка димензија да се свати Влада, ќе донесе одлука која излегува надвор “аљуис цоммунитаире”, или излегува надвор од директивите што земјите членки, а тоа сме ние во таа широка аналогија, Парламентот и ги дал, комисијата оди на консултации. И ние тоа го почитувавме. Нашата Влада не доаѓа на консултации со нас, а ние сме тие што треба да го озакониме ова вакво откажување од дел од нашиот суверенитет за да добиеме помош.

Знаето што, фактот што писмото ни е пратено на 11 декември, а ние на 12 декември веќе реагираме, доволно говори колку сериозно не сваќаат нашите партнери, а инспирацијата секако не доаѓа од овој дом. Тој е конструктивен, тој работи, ги носи законите и кога ќе му се даде минимална можност ги доградува за да личат на европски. Ваквото однесување, господа, не нé носи во Европа. Нé деградира. Кажете ми еден од вас чесно да ми објасни што значи клаузулата носење униформа, што значи клаузулата носење оружје, што значи клаузулата ќе организира свои оружани елементи да се бранат на нашата територија. Тоа тие го договориле, ние сме го преговарале но можеби јас или некој од вас, исто така, има приговор на тоа. Дали сега ќе го туриме целиот овој стратешки пакет под знак на сомневање и ќе одоговлекуваме со ратификацијата оти сме незадоволни или и ова ќе го проголтаме, па задутре, во вторник, ќе ни речат мисијата почна вчера, ајде вие санкционирајте ја денес. Па несериозна е, несериозна!

Има комисии за европски прашања, не е консултирана. Парламентот не работи како чиновници што работат со работно време од 7,00 до 15,00 часот. Работи во постојана сесија додека не оди на распуст. Тоа значи во 02,00 часот наутро ќе не викне Комисијата за европски прашања и ќе го гледаме текстот. Комисијата за меѓународни односи во 4,00 часот наутро ќе не викне и кога ќе дојдеме овде нашите известители ќе ве известат што сме виделе ние како експерти во тие комисии, за да можете кога ќе го ратификуваме ова, да го ратификувате со чиста совест. Вака на непрочитано работиме. Извинете, ама секој наш глас е потпис и секој потпис оди во аналите и станува дел од историјата на оваа нација, на граѓаните на оваа држава и на оваа држава. Ние премногу лесно почнавме да ги даваме тие потписи во името на нешто, од кое со вакво неодговорно однесување се оддалечуваме, а тоа е влегувањето во Унијата. Кога се во прашање нашите витални државни интереси мораме да воспоставиме рамнотежа, како што тоа го прави Унијата од најмалата членка Португалија до најголемата Германија, постои респект и се чекаат да кажат. Во преговорите за Спогодбата за стабилизација и асоцијација, додека Португалија не рече да, ние не можевме да го потпишеме договорот, бидејќи имаа забелешки на виното и на трговијата со земјоделски производи. Унијата, мамутски џин, мамут во меѓународните односи, ја чекаше минијатурната Португалија да се согласи, и кога се согласи, тогаш можеме да направиме свечено парафирање и неколку месеци потоа да го потпишеме и тој витален договор. Зошто мора вака да брзаме? И зошто мора преку ноќ, преку колено, преку трупа да го правиме сето тоа?

Знаете што, онаа крупна забелешка која ме тера вака да реагирам е следната:

Кога ни се случи конфликтот, ние го имавме веќе НАТО тука небаре членка, му дававме логистичка поддршка за неговата мисија на Косово. Витално беше тоа, заради тоа што стабилизацијата на Косово, а да не зборуваме за уривањето на еден диктаторијален поредок, беше витален интерес за Република Македонија да не ни се случи нам тоа тука. Во тој момент имавме конфликт и ние побаравме помош од НАТО да ги разоружаме тие што беа наоружани. И така добивме воено присуство во нашата држава. Потоа се согласивме таа мисија да го обезбедува ОБСЕ кое треба да посматра, односно пред тоа па после разоружување. Сега ние правиме крупен исчекор, ова веќе не е обезбедување на НАТО и не е обезбедување на собирањето оружје, ова е полициска мисија во Република Македонија заради безбедноста на Република Македонија, заради внатрешните работи на Република Македонија. Па ова е крупна ставка во суверенитетот на една држава и ние треба денеска преку колено да дадеме амин. Знаете ли зошто ќе дадеме амин? Затоа што очигледно, а тоа Владата е спремна да го признае, со канењето на мисијата ние неможеме да воспоставиме суверенитет и полициска контрола што е еден од атрибутите на сувереност во меѓународната книга на нации, на еден триаголник во нашата држава. И сега ни требаат странци да ни помогнат и после 13 години реформи да си ја реформираме полицијата, етнички да ја интегрираме и да ја пратиме таму каде што очигледно неможеме да ја пратиме. Бидејќи ако не се каже ова и ако не се даде друга димензија, а тоа е должноста на Владата, макар вербално овде да ја каже таа нова димензија, ќе се свати дека сме ние саката држава која после една мисија УНПРЕДЕП, после друга мисија за ОБСЕ, после трета мисија за разоружување неможела да си ги среди работите и сега и требаат патерици да стои на свои нозе, па кани туѓи полицајци да дојдат тука. Идејата потекна во времето кога ВМРО-ДПМНЕ и неговите коалициони партнери беа на власт. Меѓутоа, идејата не беше во Македонија, за македонски проблеми да дојде, туку да се направи заедничка европска и со нашите соседи, мисија, проект за регионална колективна безбедност во која ќе размениме полицајци, ќе направиме погранички полициски единици во соработка како членки на Партнерството за мир и како кандидати, или земји со аспирации кон Унијата ќе размениме и ние и сите други наши соседи од границите искуства и податоци да го спречиме најважното и најголемото наше зло, организираниот криминал. На овој регион не му требаат повеќе армии од едната, или од другата страна на границата, една со друга да се надгледуваат, затоа што

исчезнаа идеолошките разлики, територијалните претензии се апсурд, иако ги има во нечии глави во сегашна Европа. Според тоа, ни требаше регионален пристап за регионална безбедност која треба да се прави на полициско ниво. И ние добивме полициска мисија, ама таа полициска мисија не е интегрирана со мисијата во Србија, не е интегрирана со мисијата на Косово, не е интегрирана со мисијата во Албанија, нема еден генерален надзор во кој ние би учествувале како најискусна и најдржава од овие и би биле носители на тој проект. Вака, испаѓа дека сме држава на која и треба помош, Но, и покрај тоа бидејќи очигледно, факт е дека неможеме некои работи да ги средиме, ние ќе гласаме за овој документ. Но, ова што јас ви го зборувам, не мора да се согласите со него. Може да го каже Владата. Тоа влегува во аналите на нашиот Парламент станува документ и тој документ станува израз на политичка волја на оваа држава која и на овој аспект од откажување од својот суверенитет гледа иднина, бидејќи на него сака да ја темели регионалната безбедносна сигурност. Значи, можеме и во неповолна ситуација во која сме ставени да извлечеме поволни моменти, ако знаеме да се однесуваме како Влада и како Парламент. А ние добиваме известие вчера попладне, материјалот го добиваме денеска, а ги имаме сите механизми за демократска расправа, ги игнонираме и сега ќе го аминуваме и навистина ќе станеме нотари. Јас не го сфаќам овој Парламент така. Ние како пратеничка група од причините што сакаме нашата држава што побрзо да биде држава, што сакаме да се воспостави контрола на целата територија, свесни за тоа дека се откажуваме од дел од суверенитетот, свесни од тоа дека се уназадуваме чекор, два од процесот пристапување кон ЕУ, бидејќи таа сака комплетни држави кои ќе придонесуваат, безбедност и други вредности. Но, ќе го ратификуваме бидејќи тоа им е потребно на нашите граѓани, па белки со помош на овие европски и читајте во текстот: и некои воневропски земји, ќе направиме полиција која ќе биде кадарна да ни обезбеди ноќе да спиеме мирно. Пред да гласате прочитајте го документот, иако е технички, многу боли.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Благој Голомеов.

БЛАГОЈ ГОЛОМЕОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата на Република Македонија, почитувани колеги пратеници, јас потполно се согласувам, делумно со претходните дискутанти дека еден ваков значаен законски проект заслужува многу посериозна процедура во рамките на ова наше Собрание. Меѓутоа, очигледно дека сме повторно ставени во цајтнот, во ситуација на брзо донесување на одлука. Сега

се поставува прашањето дали од ова треба да се извлече некоја одредена поука и вакви значајни законски проекти кои недвосмислено се прифаќаат од страна на овој наш Парламент и кои се во функција фактички на интеграцијата на Република Македонија во ЕУ, треба да се направи нешто, истите да се донесуваат по една нормална процедура, пред се разгледувани од страна на соодветните комисии и соодветните тела на ова наше Собрание. Меѓутоа, мораме да признаеме дека овој законски проект претставува одреден континуитет, дека не е ништо ново во соработката на Република Македонија со Меѓународната заедница. Ние имавме досега две воени мисии, едната беше “Килибарната лисица”, предводена од НАТО, другата беше “Конкордија”, прва мисија на ЕУ во Република Македонија. И двете мисии имаа воен карактер, би рекол имаа воена компонента, беа во функција на превентивно делување од евентуални спречувања на евентуални воени конфликти, односно беа во функција на зголемвување на безбедноста во Република Македонија. Оваа мисија е веќе од сосема друг тип, претставува би рекол еден континуитет, едно следствено надоврзување на претходните две мисии. Се работи за полициска мисија наречена “ проксима” која има пред се советодавен карактер, која треба да биде во функција на остварување на полициската реформа, остварување на стратегијата за интегрирано гранично обезбедување, потоа треба да биде во функција на јакнење на капацитетот во областа на јавниот ред, да ни помогнат во борбата против корупцијата, против организираниот криминал и тн. Едноставно во функција на мониторинг, во функција на помош за да се постигнат одредени стандарди кои денес важат во рамките на развиена Европа. Впрочем, ова е мисија која е опфатена и е дел од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и ЕУ во која Спогодба јасно стои потребата од одредена соработка во областа на правдата и внатрешните работи. Според тоа, не се работи за прашање кое едноставно досега не е опсервирано, не се работи за нешто сосема ново, меѓутоа, сепак се работи за еден значаен документ кој заслужува комплетна поддршка, консензуална поддршка од ова наше Собрание. Во тој прилог, дозволете ми да го изнесам ставот на пратеничката група на Либерално-демократската партија која ќе го прифати во целост овој законски проект, овој договор помеѓу Република Македонија и Европската унија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Љубисав Иванов - Ѕинго.

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - ЅИНГО:

Господине претседателе, почитувани колеги, ние од коалицијата за Третиот пат, за жал немавме прилика да го проучиме овој закон, затоа што јас го добив во 10,30 часот и имав толку време летимично да го погледам. Затоа, денеска неможам детално да зборувам за него, а исто така неможам да ги искажам и ставовите и мислењата на оваа коалиција за Третиот пат.

Општ впечаток ми е дека ние и понатаму продолжуваме во ваквите закони да градиме два стандарда. А тоа значи дека во тие закони практично ние промовираме граѓани од прв и втор ред во македонската држава. Заправо, луѓе кои доаѓаат во Македонија, кои се потполно заштитени и за кои што не владеат законите од македонската држава, а искуството покажа дека тоа не е добро. Ние имавме и големи материјални штети, имавме и голем број на жртви, затоа што имавме и неодговорно однесување на поедини мисии тука во Македонија. Според тоа, во иднина мораат нашите органи да поведат сметка на овој момент кој не е така присутен во прави суверени држави. Во таквите држави секој што доаѓа, па и ние кога одиме во некоја друга држава, ние сме подложни на закните и уставот на тие држави. Инаку, јас мислам дека секаква добронамерна, потенцирам, добронамерна помош во постигнувањето на повисоки стандарди и квалитети насекаде не само во Министерството за внатрешни работи, туку и во Армијата, во администрацијата и тн. со што се постигнуваат квалитативни и квантитативни промени во правец на развојот на демократијата и слободата на граѓаните, а исто така и во правец на функционирањето на овие институции и приближувањето кон европските стандарди кои често пати и не ги знаеме на кое ниво се, тие се добредојдени. Дотолку повеќе што ние непрекинато некаде од 1995 година ги развиваме тие односи се повеќе со ЕУ. И овој процес може да се смести во таквите тенденции, дека ЕУ сака на Македонија да и помогне да се приближи спрема нејзините стандарди во сите домени. Јасно е тука дека оваа мисија произлегува наводно од писмото кое го направил нашиот премиер до ЕУ, размената на писма, а ние знаеме сепак, како тоа се работи и како тоа се договара. Значи, не само нашата иницијатива и желба, туку и желбата е на ЕУ, можеби и доминантна нејзината иницијатива за да со своето присуство и понатаму тука делува на реформите во една многу значајна област во оваа држава. И тука нема многу дилеми, ако таа помош е добронамерна и ако е таа помош направена во рамките на нашите постојни закони и Уставот, за што јас изразив одредена резерва. Меѓутоа, овој Парламент треба да испрати една порака до ЕУ дека овие проблеми се значајни што ги имаме ние како проблеми во нашата држава и треба да се решаваат. Но, најголемиот проблем во нашата држава се

економските проблеми. Дотолку повеќе што ЕУ веќе тој проблем го има во цела своја мера осетено, а тоа е така од изјавата на министрите за надворешни работи што ја дадоа во Брисел во која што кажаа дека најголемите проблеми сега во Македонија се проблемите на невработеноста и сиромаштијата. Пред извесно време во тој поглед даде изјава и министерот за надворешни работи на Америка, исто во Брисел, во која што кажа дека на Македонија многу брзо треба економски да и се помогне со отпишување на долгови, со одобрување на кредити, со одредени бенифиции и тн. Меѓутоа, таа негова изјава многу малку беше третирана тука во нашите медиуми, печатот, електронските медиуми, во политиката и тн. Јас мислам дека кога имаме расправа за вакви проблеми, ние една таква порака и треба да прифатиме една таква мисла, такви искажувања од најеминентните и најодговорните фактори во Европа, па и во светот каква што е Америка и во тој правец од нас треба да произлезе иницијативата за решавање на најважните проблеми со кои се среќава оваа држава, економски проблеми, огромниот број на невработеност, сиромаштијата, бедата. И ние веројатно другите стандарди ќе ги исполниме за приближување кон Европа. Меѓутоа, стандардите во однос на економските категории, економските стандарди ќе бараат многу години и ако тие на време не се разрешуваат, тие ќе бидат главната пречка.

Според тоа, јас на крајот ќе кажам дека ќе гласам за овој закон, иако немав време да го проучам. Мислам дека е еден чекор напред во правец на стабилизацијата на Македонија. И ако е тоа навистина она што е речено во образложувањето, а таму е кажано дека практично треба да се помогне во реформите во Министерството за внатрешни работи, во полицијата, во правец на нивно оспособување и оквалификување, во правец на оквалификување за борбата против криминалот, корупцијата, дрогата, проституцијата, и сите негативни појави што стојат во општеството, во правец на реформата на јавниот сектор за владеење со територијата на Македонија, како и оспособување на полициските единици за контролирање на границата, особено имајќи во предвид дека тоа контролирање преминува во надлежност на Министерството за внатрешни работи.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеничката Каролина Ристова.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Почитуван г. претседателе на Собранието, почитуван замник министре за надворешни работи, почитувани колеги и колешки пратеници.

Дозволете ми да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ, по повод донесувањето на Договорот помеѓу Република Македонија , односно Ратификацијата на договорот меѓу Република Македонија и ЕУ , за статусот и активностите на полициската мисија во Република Македонија , позната како ПРОКСИМА и Предлог законот за негово прифаќање.

Ние ќе гласаме за ратификација на овој Договор, секако, од причините што ги наведоа и другите колеги. И ние не се чувствуваме баш најпријатно кога сме доведувани во ситуација на ваков итен начин да гласаме за ратификации, меѓутоа, веруваме во проценката на претседателот на Собтснието, за итноста . Исто така имаме разбирање дека некогаш во надворешната политика и се случуваат вакви ситуации, така што како што можеле 15 членки на ЕУ експресно да го поминат овој договор во своите процедури, верувам дека и ние можеме тоа да го сториме. Од друга страна, суштински земено, исто така верувам дека итноста не треба многу да не загрижува, диејќи, овој Договор ако добро го прочитавте, и образложеннието и неговата содржина, ќе видите дека е заснован врз правните одредби. Значи своја правна основа има во Спогодбата за стабвилизација и асоцијација, конкретно одредбите за соработка во сверата на правосудството и внатрешните работи, како и други меѓународни правни норми со кои се регулираат низа аспекти од статусот на вакви мисии, како што е на пр. Виенската конвенција за дипломатски односи, во однос на прашањата на привилегиите и имунитетот на самата мисија и на припадниците , поединци, членови на таа мисија.

Ние веруваме дека Владата направила големи напори да се искористат и претходните искуства, како што ни е, како држава, ги имаме со други мисии, а конкретно со Конкордија, во преговорите за овој Договор. Така што сметаме дека водењето сметка за тие искуства, сигурно има нешто квалитетно направено во содржината на овој Договор.

Ако земеме суштински и политички, Договорот, според нас, претставува чекор напред односно нов квалитет во односите со ЕУ. Не само, значи што е дел од одредбите на спогодбата за стабилизација и асоцијација, и сега, значи нивно спроведување во одредени аспекти, туку затоа што ова е прв значаен чекор во однос на развивање на соработката со ЕУ, токму во столбот во правосудството и внатрешните работи, значи она што е познато како трет столб на ЕУ.

За разлика од ставот што беше искажан од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, ние не сметаме дека склучувањето на еден ваков договор претставува индикатор дека безбедноста на државата сеуште е на многу лошо ниво и дека не се контролира територијата на државата, туку напротив, го сметаме за индикатор, дека тоа всушност е некој вид доказ дека ЕУ проценила дека безбедносната ситуација е подобрена и можат работите, во соработката меѓу Република Македонија и ЕУ да се помрднат во сверата на соработка и третиот столб. Значи овде мисијата на ПРОКСИМА нема да биде пврзана, како што стои од самата содржина и од образложението, свртена кон безбедносната ситуација, како што беше случајот со КОНКОРДИЈА, туку ќе биде свртена повеќе кон, она што го кажа и колегата Голомеов, во однос на реформи на полицијата, како и борба со криминалот, воопшто, но посебно со организираниот криминал и обезбедување на интегрирано гранично управување. Таквата мисија директно ќе помогне Република Македонија да оди напред во исполнвувањето на т.н. политички критериуми за пристапување во членство во ЕУ, а пред се реформите во полицијата и помошта што би ја добиле од ЕУ, во оваа смисла ќе придонесе за подобрување на состојбата со владеењето на правото и човековите права, а ефикасното гранично интегрирано управување ќе придонесе и до обезбедување на поубедителни наши позиции во однос на ЕУ, кога станува збор за либерализацијата на визниот режим.

На крајот би сакала само да потенцирам дека мисијата на ПРОКСИМА, како што беше случај со мисијата на КОНКОРДИЈА, не е пионерска рабпота само за нас, туку пионерска работа и за ЕУ, и во сверата за надворешната политика, меѓутоа и во однос на градњето на нивниот трет столб односно на столбот на внатершните работи и правосудството. Во таа смисла како пионерска работа автоматски значи зголемен интерес на ЕУ за нашата држава и за успешната мисија, а секако гледано во големата политичка слика на нашата аспирација да влеземе во членство во ЕУ, е само причина повеќе да ја поддржиме оваа ратификација и причина повеќе , на некој начин да го свртиме тоа внимание на ЕУ кон нас, што секако не е мала надворешно политичка работа, ако земеме предвид дека многу држави бараат низа начини како да го свртат своето внимание на ЕУ и да го добијат зголемениот ангажман на ЕУ во сопствената држава.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Збор има пратеникот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе, почитуван претставник на Владата, почитувани колеги.

Претходните говорници го искористија моментот и начинот да ја минимизираат улогата на овој документ што денес го имаме пред нас, велејќи дека, наводно, на избрзан начин е во недостаток на можност да се студира документот и со тоа се одзема правото на соодветен начин да се одлучи за него.

Чувствувам потреба два сегменти да ги спомнам,а да не се повторувам со другите колеги. Тоа е дека дипломатските односи со Република Македонија и ЕУ, на договорен начин датираат од 1995 година, со Договорот за соработка . Тој се потпиша 1997 година и како последица на тоа 2001 година во април месец се потпиша Спогодбата за стабилизација и асоцијација што беше спомната претходон. Врз таа основа, во текот на конфликтот и Косовската војна, Република Македонија во согласност со Меѓународната одлука за интервенција во Косово, потпишаа реципрочен договор со НАТО за влегување, престој и движење на територијата на Република Македонија, со што на одреден начин беа предвидени форми и начини за носење на оружје. Истата основа се користи и во овој Договор, што од нас во еден член, носење на оружје, прашање кое е предвидено и со меѓународните конвенции. Во тој правец Парламентот на Република Македонија односно овој парламентарен состав даде виза од 31 март 2003 година, воената мисија на НАТО да се пренесе на КОНКОРДИЈА односно влегување на европски сили во една балканска земја. Во тој правец, во следењето на ситуацијата од страна на ЕУ , Република Македонија врз основа на спроведените анализи за ситуацијата во Република Македонија, се дојде до заклучок дека воената мисија КОНКОРДИЈА треба да се замени со полесна мисија, делумно воена, повеќе цивилна. Во тој правец и за ваа мисија повеќе придонесува самата интегрирачка ситуација од страна на Меѓународната заедница од 2001 година наваму. Како што се знае, заедно со Мисијата на НАТО во 2001 година, во Република Македонија посебна мисија имаше и ЕУ, со мониторинг мисија и мисија на ОБСЕ. Овие мисии беа координирани во нивното делување. Секоја од овие мисии имаше посебна задача за следење на посебните аспекти, на ситуацијата во Република Македонија .

Во времето на враќањето на полицијата во кризните региони од војната во 2001 година, од истражувањата и сугестиите кои беа правени на теренот, ЕУ и ОБСЕ дојдоа до заклучок дека во работата во МВР во концептот треба нешто да се смени, и во сверата на однесувањето на полицијата на терен. Тоа беше заедничка

заложба на сите овие инстанции дека во Република Македонија , полицијата или полицајците имаат изградено менталитет дека целото население на Република Македонија постои за потребите на полицијата

Ставот на меѓународните организации и мислењето на локалното население во кризните региони беше дека, напротив, полицијата е таа која треба да биде средство шро ќе биде во служба на населението, независно од нивната припадност. Во тој правец од страна на ОБСЕ и ЕУ беа организирани неколку средби на одделни структури во регионите опфатени со кризата. Бројни беа средбите во Куманово, Тетово, Гостивар и тука во Скопје. Како резултат на овие анализи произлезе денешниот ангажман на ЕУ, трансформиран во контингентот Европол мисијата која, фактички треба да ја има надзорната улога, советодавна улога, од страна на полициските експерти на ЕУ, кои ќе помогнат во менталната трансформација во однесувањето на полицајците во тие региони, со цел полицијата да се стави во служба на населението, а не како што била марксистичката или комунистичката филозофија дека се во овој свет постои заради полицијата и војската. Во тој правец Република Македонија и нејзините највисоки органи се договорија во соработка со ЕУ и со министерскиот совет на ЕУ, на 29 септември 2003 година да се усвои заедничката акција на полициската мисија која во соработка со соодветните органи на Република Македонија ќе придонесе , засновани врз целите на Рамковниот договор, да се ангажира со својата советодавна улога, надзорна улога за да може да влијае во трансформацијата на соодветните полициски органи.

Како прва цел тука е помошта на Европол да се направи зајакнување на владеењето на правото на територијата на Република Македонија , практично да се имплементираат севкупните реформи во рамките на МВР, да се формира гранична полиција, врз основа на начелата на интегриран менаџмент на границите.

Република Македонија во оваа насока е и учесник на СЕКИ -Центарот за спречување на корупцијата и прекугранична профилација.

Понатаму соработка со полициските органи, стекнување на доверба кон населението итн.

Цел на оваа Мисија е, исто така и зајакнувањето на соработката со соседните земји, во сверата на работата на МВР односно полицијата.

Главната цел на оваа мисија, како што тоа се изразува и во определбата и во образложенијата што се даваат во овој документ, е Мисијата Европол ангажирана во овој период во Република Македонија да помогне во развојот на полициската служба во земјата, во согласност со европските стандарди каде на прецизен начин

ќе треба да профилира полицискиот состав за секоја област посебно, како што е во Европа, сообраќајниот полицаец, на пример да не следи други работи кои се однесуваат на други области. На тој начин сакам да истакнам дека јас лично и парламентарната група на ДУИ силно го поддржуваме овој документ, затоа што овој документ што е пред нас, кој денес е пишан , меѓутоа, како идеја и како составен дел на ова политичко дејствување, претставува постојано дејствување од 15 септември 2002 година, а да не зборуваме дека тој претставува наша идеја и од самото распуштање на ОНА. Затоа ние мислиме дека ќе придонесеме кон враќање на безбедноста, имплементација на она што претставува коренити реформи во полицијата.

Уште еднаш изјавувам дека го поддржуваме овој документ и дека ќе гласам за него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г. Зоран Крстевски.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Денес на дневен ред по итна постапка го имаме овој Предлог за ратификација на Договорот меѓу Република Македонија  и ЕУ, за статусот на новата полициска мисија ПРОКСИМА.

Прво да изразам едно незадоволство од полицијата и армијата, да ги преземат одговорностите за безбедноста на целата територија, до толку , одењето на оваа мисија ќе значу функција на подобрување на дел од функциите, да речеме, на тие органи на безбедноста, како што овде ние сакаме да прикажеме низ процесите на реформата на полициските сили преземањето на граничното управување итн. Но, се плашам, вака како што е поставен овој документ, ова е еден чекор поблиску до протекторат од колку до функција на зајакнување на суверенитетот на Република Македонија , бидејќу, очигледно е, по статусот и по функциите кои овде се даваат на мисијата , тие се иземаат од внатрешното законодавство и на одреден начин добиваат статус кој им овозможува на пример движење на целата територија на Република Македонија , или воспоставување на исти функции, иако знаеме дека потреба од безбедносниот аспект на совладувањето посконфликниот кризен период, всушност имаме само во еден дел на државата. Но, мисијата треба да се прифати затоа што со тоа ние на одреден начин, тоа што несакаме да го признаеме, ќе мораме да го прифатиме, дека сепак регионот не ни е безбеден, дека одредеин паравоени структури сеуште постојат, доборо се

организирани, имаат свое политичко покритие и дека тие сеуште моажат да и наштетат на оваа држава посебно во правец, ако Меѓународната заедница не е одлучна во решавањето во регионалните конфликти и пред се прашањето околу Косово. Одтука треба да сме свесни, и како парламентарци, меѓутоа и како граѓани на оваа држава дека сеуште сме надвор од така да кажам од редовната состојба во државата и ова најсериозно да го прифатиме и соработката со новата мисија во целост да ја исполниме, бидејќи таа е сепак и во функција на задржувањето на безбеноста на Република Македонија , а многу помалку ќе се одрази во функција на подобрувањето на работата на нашите полициски структури итн. Тоа знаење се учи во школо, во полициски академии, со праќање на наши високи офицери, од тој домен надво. Она другото што треба на терен да го остварува и до сега многу добро го остваруваа припадниците на безбедносните односно полициските структури. Според тоа сакам да заклучам дека ПРОКСИМА треба да дојде добртодојдена сега, но од нас зависи колку пократок ќе им биде мандатот, тоа подобро за нас како држава затоа што тогаш третманот на ЕУ во натамошниот период нема да биде фокусиран на безбедносни прашања, туку ќе биде на развојни, економски и интегративни прашања со ЕУ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор пратеникот Тито Петковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Крстевски.

Повелете господине Петковски, а нека се подготви господинот Рамадани.

Во меѓувреме се јави господинот заменик министер за надворешни работи.

Повелете.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Не може да се прифати, претходниот пратеник и уште еден пратеник претходно, меѓутоа не сакам да негирам, но очигледно треба да се реагира, бидејќи упорно се настојува да се измести улогата и функцијата на мисијата “ПРОКСИМА” во Република Македонија, со тоа што и се дава контекст на тоа дека тоа ќе биде, како што рече господинот пратеник безбедносно - полициска мисија и претходниот пратеник дека таа ќе воспоставува владеење со нашите институции и на правото на одредени територии на Република Македонија.

Мисијата “ПРОКСИМА” има советодавно инструктивна функција, има исклучиво советодавна инструктивна функија во нашата земја.

Тоа е една работа.

Втора работа е, зошто да се движат низ цела територија, таквото изместување на одредени членови на договорот во функција на погрешно толкување на целата мисија, ние велиме дека мисијата ќе помага во реформирањето на полицијата, вклучително и примена на системот на интегирано гранично управување. Ние немаме граници само во кризните региони, во поранешните кризни региони. Управувањето со границите ќе го преземе Министерството за внатрешни работи, тоа ќе значи низ сите граници на Република Македонија со соседите и потребата од движење на претставниците на таа мисија е неопходна. Затоа што заедно со нашите претставници од Министерството за внатрешни работи ќе се вршат инструкции, ќе се даваат совети како таа функција што во моментот ја врши Армијата на Република Македонија, што поуспешно да ја преземе МВР.

И во однос на второто, како Владата пристапи кон склучување на Договор со Европската унија, само неколку интервенции.

Прво, веќе е кажано дека премиерот на Република Македонија господинот Бранко Црвенковски упати писмо до Високиот претставник на Европската унија господинот Хавиер Солана на 16.09.2003 година. Одговорот од господинот Солана годобивме на 24.10.2003 година, во кој што тој известува дека Министерскиот совет на Европската унија на 29.09.2003 година усвоил заедничка акција за полициска мисија на Европската унија во Република Македонија. Од тогаш се формираат преговарачки тимови од двете страни. Од наша страна тоа беше МВР, како носител на таа активност заедно со другите министерства во Владата на Република Македонија и штом се преговори, навистина е наблагодарано да се определи терминот кога тие ќе завршат. Бидејќи е во прашање изготвување на договор што ќе биде прифатлив за двете страни, не е благодарно да се даваат рокови. Тоа се постигна кога се постигна и, согласно процедурите што владеат во Европската унија, значи прво да го прифати Работниот комитет, па потоа со процедура на Молчење да помине низ сите 15 членки на Европската унија, ние буквално не можевме да преземеме ништо самите, додека не го добивме одговорот од Европската унија дека членките на Европската унија се согласуваат да се склучи еден таков договор со Република Македонија.

Да повторам, вчера на 11.12.2003 година, откако завршија сите процедури го потпишавме Договорот и веднаш го даваме во собраниска процедура,

што значи, да повторам уште еднаш, навистина е неблагодарно преговоите со Европската унија да можеме да ги ограничуваме и да видиме дека треба да завршат во термин што за нас е поволен.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Имате една минута контра реплика господине Џафери, бидејќи ова беше реплика и објаснување. Вие имате една минута контра реплика.

Повелете.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Почитуван претседателе,

Бев спомнат како предговороник и јас не верувам дека тоа е сугестија или забелешка, туку беше во однос на тоа што јас го кажав и заради потполно објаснување и на последиците, можеби како последица на преводот, јас на заменикот министер ќе му кажам ако како последица на преводот ме разбрал како што рече, тоа е друга работа. Меѓутоа, јас верувам дека тој го знае албанскиот јазик и верувам дека би требало добро да ме има разбрано.

Значи, Советот на министрите на Европската унија на 29.09.2003 година усвоил Заедничка акција на Полициската мисија на Европската унија која што врз основа на целите и намерите што произлегуваат од Охридскиот договор, во соработка со надлежните органи на Република Македонија ќе придонесе во форма на надзор, асистирање и помош, советодавна значи, за постигање на овие цели и тоа го прочитав. Тие цели се, затоа што населението не знае кои се целите на Владата и на овој договор и затоа ги повторив од документот што ни го испративте. Меѓутоа, во пократка форма.

Прво, консолидирање на владеење на правото како цел што произлегува од овие ангажирања.

Второ, реорганизирање на полицијата и формирање на гранична полиција за интегрирачка безбедност на границите.

Трето, потполно реформирање или имплементирање на практичните реформи во Министерството за внатрешни работи.

Значи, ништо што не е во спротивност со документот. Бидејќи ако беше спротивно, немаше да го подржиме тоа.

На кратко, основната цел беше Европската унија преку оваа мисија да помогне во формирање или создавање на полиција во согласност со европските стандарди. Ако сум поинаку разбран, тогаш вината е кај вас што сте разбрале така.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете.

ФУАД ХАСАНОВИЌ:

Не беше забелешка на излагањето на господинот пратеник Талат Џафери. Сеоднесуваше на претходниот и да бидам конкретен на излагањето на излагањето на господинот Слободан Чашуле. Вие не бевте претходен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Петковски, а нека се подготви пратеникот Исмет Рамадани.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Господине претседател, почитувани колеги,

Искрено речено, малку сум разочарн лично како човек, како е можно и по вакви суштествени прашања од инината на Република Македонија да толку меѓу себе многу се разликуваме како пратеници и како претставници на политички партии и, пред се, како претставници на граѓаните на Република Македонија.

Имено, слушајќи го мојот почитуван колега Чашуле, а сега и господиот Крстевски, не можам да се изначудам дали сите овие години живееме во исти услови, дали сите имаме единствена цел Македонија да биде членка на НАТО и Европската унија? И, дали и понатаму по клучните прашања што се судбински за иднината на оваа држава ќе се делиме и како пратеници и како народ.

Имено, постојат, според мое длабоко убедување многу теми по кои може да се надмудруваме овде, да се убедуваме. Меѓутоа, кога станува збор за двете стратешки прашања, членство во НАТО и Европската унија, мислам дека тука треба да дишеме како еден организам. Ние треба да се натпреваруваме пред тоа како да дојдеме до остварувањето на таа заедничка цел преку политички дијалог. Но, во моментот кога се одлучува за нашите стратешки интереси, треба да застанеме зад тој интерес едногласно и еднодушно.

Имено, членството во НАТО и Европската унија ниту е интерес на СДСМ, на ВМРО-ДПМНЕ, на ДУИ или на ДПА. Тоа е прашање и интерес на

граѓаните на Република Македонија и пред се интерес на сите овие партии што се должни да ги претставуваат и застапуваат граѓаните.

Од поранешниот министер за надворешни работи, сега наш почигуван колега, слушнавме дека оваа иницијатива е започната за време на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е благородна работа. И, наместо да ја надградуваме, тоа е факт што никој не може да го порекне, денес го доведуваме во прашање финализирањето на нашиот политички напор, севкупен за поентирање, за членство со една голема резерва дали е добро ова што го правиме. Имено, дали ова е вистинскиот начин, па дури се прозборе за суверенитетот, доаѓа во прашање суверенитетот на Република Македонија. Се ограничува суверениетот.

Кажете им една земја во светот, вклучително и САД кој што имаат неограничен суверенитет. Таква земја не постои во Европската унија. Сите се откажуваат од дел од својот суверенитет заради заедничките интереси, вклучително и Република Македонија. Меѓутоа, со овој чин, сега, за Македонија се прави еден голем исчекор. Морам да ви кажам дека јас, прилично сум збунет зошто Владата не знаеше да поентира од овој настан? Зошто не можеше да го изменаџира, да го изработи, туку се доби впечаток, еве со самото закажување на итна седница, па овде 40 минути доцниме, па нешто мистериозно се случува, па се говори за ограничен суверенитет, и граѓанит ќе помислат навистина нешто лошо се случува. Па ни доаѓаат полицјаци овде, па сме исти како некоја афричка земја итн.

Напротив, за мене ова е крупен настан. Настан од големо политичко значење за Република Македонија. Крупен чин со кој што луѓето претпоставувам дека со воодушевување треба да го примат. Од кои причини? Од едноставна причина што најголемиот хендикеп на Република Македонија до сега беше што ни се шетаа војски. На територија на која се шета војска нема шанси и странски инвеститор да дојде и да вложи пари, да се развиваме побрзо. Ова е практично финалниот чин за кој што се залагавме уште со заклучуваме на Спогодбата за стабилизација и асоцијација, меѓу кое рековме дека ќе следи и ова што сесга следи. Значи, си заминуваат војските од Република Македонија, доаѓаат полицајци и тоа 180 до 200 полицајци, со единствена функција да имаат мониторинг, советодавна функција, да ја обучуваат нашата полиција и нашава полиција да дојде со стандардот на ниво на стандардот на европските полицајци.

И, што е најважно, овие луѓе треба да ни помогнат, нели сме во подготовка на документ кога полицијата треба да ги преземе и нашите граници, да не едуцираат во таа насока ако сакаме да бидеме дел од тоа европско семејство

мораме сите тие стандарди да ги исполнуваме. Значи, треба да имаме едуцирана и оспособена пполиција да ги врши функциите и нашата армија полека да си замине од границите, а границите ги чува полицијата, како што е тоа случај во целиот свт.

Значи, од нешто што мислам дека е добро, ние овде правиме проблем. Не треба државјанство биде проблемот што во овој момент дека има една друга политичка партија на власт, или некоја друга коалиција на власт. Утре ќе се случи овој континуитет можеби ќе се случи баш приемот на Република Македонија во НАТО или во Европската унија, на власт да биде некоја друг политичка гарнитура. Дали е тоа претходната, или некоја трета и тн. Тоа треба да биде наш интерес. Значи, тие моменти претпоставуваат наше концентирање, би рекол на целокупниот политички, ако сакате и творечки потенцијал и ум како побрзо да дојдеме до исполнувањето на овие стандарди. Не смееме да оставиме резерва ниту малку, ниту како политички партии, ниту како граѓани дека сепак нешто се случува на овој план што не во интерес на нашите граѓаните.

Ќе ми простите со целиот респект на разликите во практицирањето на политиката или поимањето на политиката или различниот пристап околу остварувањето на овие цели, но кога станува збор за НАТО и Европската унија, мислам дека тоа треба да ни бидат приоритети однапред веќе зададени и договорени, да се договараме само околу финесите, само околу пристапо. Тука ќе дојдам на овој терен за кој што моите колеги говореа, во смисла, нам ни недостасува кога говорам нам, точно мислам на Владата, на актуелната Влада на Република Македонија, малку поголема транспарентност во отворањето на овие прашања и многу, јас би рекол многу поблизок однос со политичките партии што се во опозиција сега, заради запознавање точно со содржинат на договорот. Како и вие што сте од опозицијата и јас како пратеник на партијата што ја подржува власта, прв пат се сретнав сабајле со текстот на Договорот.  Не сум имал никакви шанси да учествувам. Мислам дека е тоа најголемиот недостаток на овие документи, на овој и другите.

Владата мора да најде механизми со комисиите, со пратениците да соработува во фазата на подготвување на Договорот, за да не бидеме сите изненадени кога ќе се соочиме со ова. Или, претпоставувам Владата смета на стабилно парламентарно мнозинство овде, и многу, многу не води грижа како сите пратеници ќе се однесуваме. Или, има 61 глас овде и може да рачуна нема потреба претходно да ги информира пратениците. Но, механизмот е во парламентарната

демократија, измислен преку тие институции за кои што говореше мојот колега Чашуле. Имаме комисии. Договорот кога се скицира имаме работни тела, во таа фаза да се вклучат пратениците, макра и посредно, макар и на затворени седници, но во секој случај мора да пронајдеме механизам да ги обединиме националните интереси околу темите за кои што имаме поинакво сфаќање сега.

Значи, поголема транспарентност, навремено вклучување за да, кога ќе дојдеме да гласаме овде, тоа да биде резултат на нашите сфаќања и на нашата политичка одлука дека тоа треба да го направиме, а не заради тоа што мора да го направиме. Мислам дека само тука се разликуваме.

А, околу Договорот, конечно на крај и сите колеги кои овде изнесоа критички забелешки, предлагаат да се гласа. Сите пратенички групи ќе гласаат. Тогаш зошто ни се ониe резерви ако не во смисла политичка борба за некој политички престиж, или едноставно ако сакате политички маркетинг.

Ќе завршам, дека кога станува збор за членството во НАТО и Европската унија,треба да ги надминеме сите наши внатрешно партиски недоразбирања и потребата за политичко поентирање, бидејќи тука и добиваме сите ако сме единствени околу овие прашања, како што заеднички губиме, доколку не постигнеме единство.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господинот Зоран Крстевски е пријавен за реплика, повелете, имате три минути.

ЗОРАН КРСТЕВСКИ:

Да, и јас си го поставувам истото прашање што и господинот Петковски, зошто ние се разликуваме по клучни прашања. И сега, од неговата интервенција со која сака нас да не направи помалку европски ориентирани, јас заклучувам дека Конго и Република Македонија се земени како успешни демократски модели, неконфликтни општества кои Европската унија сега еден нов модел на полициски сили воспоставува. Се прашувам зошто тоа не го направи во Бугарија, не го направи во Румунија. Па не го направи затоа што ние внатре не можеме да бидеме организирани и да не бидеме конфликтни.

Ова само докажува дека случувањата во 2001 година не завршија. Оттука не може оваа мисија да се цени само по ефектит што треба да го даде во советодавниот дел. Па ве молам, 200 луѓе наоружани да одат во тие подрачја, што друго ќе бидат освен да не мират нас македонските и албанците. Нема друга цел,

затоа што во еден дел од Република Македонија не се дозволува да се движите. Во еден дел од Република Македонија сеуште постојат структури што се наоружани. Не го вратија оружјето. И, оттука во тоа е одважноста на Владата, да ја оцени ситуацијата онаква каква што е, не да ја прикажува како добра и напредна. Не чинат состојбите. Во тоа е работата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Г-динот Крстевски беше потпретседател на таа Влада кога се покренаа иницијативите за ова што денес ни се случува. Тоа е едно.

Второ, зарем навистина некој мисли дека со 180 полицајци ќе можат да се штитат или да се спречат евентуални конфликти во Република Македонија, меѓу македонците и албанците? Да носи најголема придобивка што претпоставувам дека е зад нас, дека има јасна политичка волја и на терен и на политичките партии кои седат овде во Парламентот. И тоа треба да биде заеднички стремеж.

Благодрам.

Благодарам, г-дине Петковски.

Г-дине Чашуле реплика од три минути.

Повелете.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Пред пријателот да се состаневме синојка оваа енормна расправа за разликите кои се нужни во демократијата ќе ја водевме по комисии и таму ќе ги расчистувавме  недоразбирањата. Меѓутоа, тоа што не не сликаа не значи дека не можеме и не смееме и дека ќе побегнеме од одговорноста пред сопствената јавност и тие работи јавно да ги кажеме во пленум.

Меѓутоа, една работа мора да ви биде јасна ние не се разликуваме во однос на интеграцијата кон Европа и кон суштинската потреба да влеземе во семејството на НАТО каде безбедноста е колективна. Меѓутоа, не може врз основа на тој наш консензус од примарен интерес да се вгради ваков неодговорен однос кон нас пратениците.

Заменикот министер даде преубави објаснувања, но отпосле. Тие можевме да ги слушнеме синоќа на една, па на друга комисија. Инаку, г-дине Тито и двајцата сме колумнисти, јас престанав, но еве пак се јавувам, почесто пишувавте за Македонија протекторат отколку што тоа јас го кажувам. И тука се согласуваме до некаде. Знаете што, кога имате странски сили на територијата на својата земја во униформа,

не само што сте протекторат, туку сте окупирани. Без разлика што ни се пријатели, заради тоа што тие треба да бидат медијатори, како што кажа г-динот Крстевски во недоразбирањето меѓу една и друга етничка заедница. Сега, меѓутоа, стануваме вистински протекторат ако не дадеме политичка изјава со која ќе ги туриме рамките на оваа мисија, бидејќи се работи за полицајци. Да се разбереме. Тие се добредојдени, но со наш мандат, а не да градат бази кои ќе ги обезбедуваат со свои оружени лица, туку да дојдат и заедно со Муарем и Слободан во средина Жозе од Португалија да седне и да почне да ги обучава иако тој нема искуство во меѓуетнички односи во Португалија, тој проблем го немаат, да ги обучава како владеението на правото да се воспостави и тоа да не разликува граѓани.

Ние како што сме тргнале по оваа седница ќе седнеме да озакониме без законие. Затоа политичката изјава беше нужна, таа можевме како декларација на ова Собрание на комисиски состанок да ја донесеме, да му ја предложиме на пленумот и да ја туриме рамката која ќе каже Македонија сака да стане Европска држава за да влезе во Европа, Македонија, ќе генерира безбедност за да стане членка на НАТО за тоа ни е потребна помош, ни е потребна поддршка ни е потребна обука. Тие луѓе се дојдени за тоа и на тој начин ќе им ја дадеме политичката рамка, тоа е улога на овој парламент кога веќе Владата не сака да има. Благодрам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете една минута г-дине Тито Петковски.

ТИТО ПЕТКОВСКИ:

Јас г-дине Чашуле реплицирав само во еден дел од Вашата дискусија кога говоревте за ограничен суверенитет дека се доведува во прашање суверенитетот на РМ, на нејзината територија и во делот за протекторат.

Точно е, пишував, апсолутно не се пишманам во тоа, бидејќи Македонија дефакто тоа беше до пред една година. Не формално, дефакто беше до пред една година. Меѓутоа, и покрај тоа што излегува од таква фаза и бидете сигурни ако сакаме да бидеме членка на НАТО и ЕУ мора да се согласиме со разноразните мисии и нема да биде никакво изненадување за година Македонија исто ако има во составот на ваква мисија во некоја друга земја, е, тогаш ја постигнавме целта.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНВОСКИ:

Повелете г-дине Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседател, почитувани колеги, почитуван заменик министер.

Го делам мислењето на г. Петковски дека за вакви случаи за ратификации на вакви договори ќе беше добро да не се разликуваме многу меѓу нас иако нијанси во тоа како и што треба да се направи за усвојување и прифаќање на ваков закон е добро и да се разликуваме. Меѓутоа, суштината и покрај тоа и намерата на оваа мисија треба да се разбере и треба да се прифати без резерви. На крајот на краиштата и Владата и поранешната и сегашната во Договор за стабилизација и асоцијација таму има посебен пасус потпишан во 2001 година што значи соработка со ЕУ и во оваа насока од полициски и правен аспект, затоа овде не треба да даваме сигнали на резерва од овие договори.

Да ви кажам право ние како политичка партија ПДП мнгу порано прокламирала и велела и барала еден поинтензивен мониторинг во полицискиот сегмент односно во МВР. Нашето секојдневие секогаш ни давало причини ова да го бараме. Исто така, треба да се има предвид и тоа дека ние не треба да ја заборавиме благодарноста кон воените мисии кои биле овде во Македонија и кои се уште се во Македонија. Како сегменти на КФОР и НАТО ќе бидат и понатаму овде поради регионот. Јасно е дека мисијата “ПРОДКСИМА” или ЕУПОЛ е определена добро со нормите и законските одредби и јас малку стигнав да ги прочитам, како и моите колеги, на површен начин, треба да им верувам на тие од дипломатски и правен аспект сигурно ги предвиделе сите права и обврски кои ќе ги има оваа мисија и не сакам во ова да се сомневам, априори. Оваа мисија од 180 или 200 полицајци сигурно ќе врши обсервација, мориторинг, ќе има советодавна улога, имаме потреба затоа што треба да се прифати една работа во МВР може би не на природен начин имаме судир меѓу структурите кои се постари и помладите полициски структури кои се активен дел на полицијата, меѓутоа, малку се тренирани со нови стандарди.

Се надевам дека оваа мисија многу позитивно ќе ја одигра својата улога. Понатаму ќе имаме трансформација и реформа во овој сегмент како што почна на конкретен начин трансформацијата и реформата во Армијата каде имавме и имаме советници од НАТО и реформите, како мои впечатоци, оделе малку побрзо и се надевам дека и во овој сегмент на МВР работите ќе одат побрзо.

На крајот, овој сегмент за кој велиме дека МВР или Полициски сегмент и со реформите и со трансформациите кои треба да ги има со помош на оваа мисија нема да направи попусто работа, туку ќе направи чекор напред, еден пат кон тоа што е интеграција во Евроатлантските структури.

Овде има нешто што е добро се подготвува и погранична полиција има и рок за тренирање и подготовка на полицијата за одбрана на границата на државата така што и овде ќе имаме помош од оваа мисија.

Се радувам што е одреден и првиот комесар на оваа мисија Бард Док кој долго време бил кадар на ОБСЕ овде во Македонија, го знае теренот, има сознанија за институциите и за нивното функционирање овде во Македонија и ида се надеваме, но не само да се надеваме, туку сме сигурни дека оваа мисија ќе има многу позитивна улога и добредојдена улога овде во РМ односно во нивната конкретна улога како мисија во МВР односно во реформите и трансформациите кои треба да се случат во полицијата.

Затоа не ми останува ништо друго, без да навлезам во други подробности, без да навлезам во реплики во однос на некои работи со кои не се согласувам и мислења кои тука се изразија од страна на моите колеги, меѓутоа, јас се надевам дека со самиот факт што ќе гласаат за овој договор значи дека се за и ова претставува добар сигнал.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодрам г-дине Рамадани.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање, ги молам пратениците да влезат во салата.

Почитувани колеги, Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, сите гласале за, нема воздржан, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на договорот меѓу Репбулика Македонија и Европската Унија за статусот и активностите на полициската мисија во Република Македонија (ЕУРОПОЛ “ПРОКСИМА”)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен ја заклучувам 49-та седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 13,10 часот.